Агенција за вработување на
Република Македонија

# АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ ОД ВЕШТИНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

## ГИ ИСТРАЖУВАМЕ ПОТРЕБИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ



## ВАШАТА СОРАБОТКА Е ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ

www.avrm.gov.mk
E-mail: info@zvrm.gov.mk

***Агенцијата за вработување на Република Македонија дава помош, поддршка и оспособување на невработените и други лица кои бараат работа и на работодавачите кои бараат соодветна квалификувана работна сила***

*Почитувани работодавачи,*

Агенцијата за вработување на Република Македонија, заради задоволување на потребите од работници и обезбедување услуги за работодавачите, во рамките на својата редовна дејност спроведува анкетно истражување за Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот.

Анализата на потребите од вештини се спроведува еднаш годишно и се базира на анкетно истражување на примерок од работодавачи.

Истражувањето се реализира преку посета на работодавачите, интервју и пополнување на прашалник.

Информациите од работодавачите се обработуваат збирно, без можност да се видат поединечните одговори, со што тие се доверливи и заштитени.

Врз основа на добиените информации се анализараат потребите од вештини на пазарот на трудот во Република Македонија.

Анкетното истражување се спроведува преку 30-те центри за вработување на Агенцијата за вработување на Република Македонија, веќе неколку години и се докажа како добар инструмент за следење на трендовите на пазарот на трудот.



www.avrm.gov.mk
E-mail: info@zvrm.gov.mk

## Која е целта на Анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот ?

Вашите информации за планираните економски активности и планираните нови вработувања од соодветни занимања, како добри познавачи на состојбите на пазарот на трудот, се од посебно значење за

- зголемување на сознанијата за состојбите и очекуваните промени на пазарот на трудот
- оспособување и обезбедување соодветна работна сила според потребите на работодавачите
- справување со проблемот на невработеноста и зголемување на вработеноста
- јакнење на соработката и довербата меѓу работодавачите и Агенцијата за вработување

Ќе Ви бидеме благодарни доколку ни овозможите, преку интервју со нашите вработени и пополнување на стандардизиран прашалник, да добиеме релевантни, веродостојни и корисни информации за

- потребите од нови вработувања во наредните 6 до 12 месеци
- потребите од занимања, на планираните нови вработувања
- потребите од вештини со кои треба да располагаат кандидатите за планираните нови вработувања
- потребите од работници со одредени занимања, кои не можете да ги обезбедите, односно дефицитарни кадри

**Добиените информации од интервјуто се доверливи**



www.avrm.gov.mk
E-mail: info@zvrm.gov.mk

## Каде ги користиме резултатите од Анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот ?

Сознанијата од спроведеното анкетно истражување се користат

- При креирање на активни програми и мерки за вработување
- За подготовка за вработување на невработените лица
  - Обука, преквалификација или доквалификација
  - Обука за дефицитарни занимања
  - Обуки за вештини (странски јазици и компјутери) и други видови обуки
  - Обуки за успешно барање работа и претставување на пазарот на трудот
- Како помош при креирањето на образовни програми за занимања, усогласени со потребите на пазарот на трудот
- Подготовка на локални акциони планови за вработување
- За развој на услугите на Агенцијата за вработување, во согласност со потребите на работодавачите

**Ние сме тука секогаш за Вас**

**Информациите за нашите услуги Ви се достапни на нашиот WEB портал**

www.avrm.gov.mk
E-mail: info@zvrm.gov.mk